Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Кавадарци, на ден _______________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 - Индустија за бела техника, електрични апарати, фотоволтаични панели, системи за климатизација на КП 10087/1, КО Кавадарци, Општина Кавадарци, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на проектно-планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 - Индустија за бела техника, електрични апарати, фотоволтаични панели, системи за климатизација на КП 10087/1, КО Кавадарци, Општина Кавадарци се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Кавадарци
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 - Индустија за бела техника, електрични апарати, фотоволтаични панели, системи за климатизација на КП 10087/1, КО Кавадарци, Општина Кавадарци, нема да има негативно влијание врз животната средина.
4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од Неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кавадарци: https://kavadarci.gov.mk
5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр 11-1302/12 од 15.09.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Градоначалник,**
**Митко Јанчев**